# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ

**Службен весник на РМ, бр. 54 од 14.04.2011 година**

**Член 1**

Во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 28/2006, 103/2008 и 17/11), во членот 41 по ставот 5 се додаваат 13 нови става (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17) и (18), кои гласат:

"(6) Доколку комисиите од ставовите (2) и (3) на овој член не донесат решение во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на жалбата може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена. Формата и содржината на известувањето од овој став ги пропишува министерот за транспорт и врски.

(7) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (6) на овој член да изврши надзор во комисиите од ставовите (2) и (3) на овој член дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(8) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое ги задолжува претседателите на комисиите од ставовите (2) и (3) на овој член во рок од десет дена да одлучат по поднесената жалба, односно да ја уважат или одбијат жалбата и да го известат инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по жалбата.

(9) Доколку претседателите на комисиите од ставовите (2) и (3) на овој член не одлучат во рокот од ставот (8) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок предвиден со Законот за управна инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој претседателите на комисиите од ставовите (2) и (3) на овој член ќе одлучат по поднесената жалба за што во истиот рок ќе го известат инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој е одлучено по поднесената жалба. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(10) Доколку претседателите на комисиите од ставовите (2) и (3) на овој член не одлучат и во дополнителниот рок од ставот (9) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.

(11) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (7) на овој член, подносителот на жалбата во рок од пет дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(12) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (12) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето согласно со ставовите (7) и (8) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (9) и (10) од овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој

инспекторот ќе изврши надзор во комисиите од ставовите (2) и (3) на овој член дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.
(13) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.
(14) Во случајот од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.
(15) Во случаите од ставот (14) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на жалбата за преземените мерки.
(16) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (12) од овој член, подносителот на жалбата може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.
(17) Доколку претседателите на комисиите од ставовите (2) и (3) на овој член не одлучат во рокот од ставот (10) на овој член, подносителот на жалбата може да повее управен спор пред Управниот суд.
(18) Постапката пред Управниот суд е итна."

**Член 2**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
По донесувањето на подзаконските акти предвидени со овој закон истите веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавуваат на веб страницата на Министерството за транспорт и врски.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".